# Прилог 1 на ПОГЛАВЈЕ V (V.2)

## *ТАБЕЛА V.2.1: ОТПАД - Користење/одложување на опасен отпад*

| Отпаден материјал | Број од Европскиот каталог на отпад | Главен извор[1]е[2] | Количина | | Преработка/одложување во рамките на самата локација (Начин и локација) | Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач (Метод, локација и превземач) | Одложување надвор од локацијата (Метод, локација и превземач) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Тони/ месечно | м³ / месечно | | | |
| 1. Фармацевтски отпад | 18 01 06* | -Производство на цврсти форми -Пакување на лек.<br>-Производство на мед. масти,течности и ампули<br>-Магацин за готов производ<br>-Магацин за суровини<br>-Истражување и развој<br>-Контрола на квалитет<br>-Сервис | 0.5 | | Се одложува во одделите каде се создава | Согорување на Деронија Дрисла | |
| 2. Отпад од микробиологија | 18 01 03* | Контрола на квалитетрола | 0.126 | | Термичко третирање, стерилизација во просториите на Контрола на квалитет | | Превземен од Комунална Хигиена како инертен отпд и одложен на Депонија Дрисла |
| 3. Органски растворувачи | 07 01 04* | -Контрола на квалитет<br>-Развој и истражување | 0.01 | | Се одложува во одделите каде се создава | -Хемиски Факултет, за рециклирање и употреба во експерименти и настава (Договор)<br>-EKO-TEAM (Договор) | |
| 4. Хемикалии | 18 01 06* | -Магацин за суровини | недефиниран | | Се одложува во магацин | -EKO-TEAM (Договор) | |
| 5. Хемикалии | 16 03 05*<br>16 03 03* | -Контрола на квалитет<br>-Развој и истражување | недефиниран | | Се одложува во одделите каде се создава | -Хемиски Факултет Скопје, за експериментални вежби (Договор) | |
| 6. Масла за подмачкување | 13 02 08* | Сервис | 0.013 | | Се одложува во сервис | -EKO-TEAM (Договор) | |

[1] За секој отпад треба да се посочи основната активност/процес
[2] Треба да се вклучи и отпадот прифатен на местото на локацијата за наменето искористување и одлагање на отпад

## *ТАБЕЛА V.2.2 ОТПАД - Друг вид на користење/одложување на отпад*

| Отпаден материјал | Број од Европски каталог на отпад | Главен извор[3] | Количина | | Преработка/одложување во рамките на самата локација[4,5] | Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач | Одложување надвор од локацијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Тони/ месечно | $м^3$ / месечно | (Метод, локација и превземач) | (Метод, локација и превземач) | (Метод, локација и превземач) |
| 1.Масло и масти за јадење | 20 01 25 | Менза | 0.04 | | До предавање се одложува во менза | СУНИЛЕНС (Договор) | |
| 2.Растителен | 02 03 03 | -Фар.суровини | 37 (6 месеци) | | | | Растурање на трева на лок.Ѓорче Петров |
| 3. Хатрија | 15 01 01 | -Пакување лекови<br>-Производст.на масти<br>-Контрола на квалит. | 2 | | Во контејнер од Комуна | Комуна (Договор) | |
| 3. Хатрија | 15 01 01 | -Магацин за р.м | 1.2 | | дадена на шема | Комуна (Договор)<br>ПАКОМАК (Договор) | |
| 4. Хатрија | 20 01 01 | -Администрација | недефиниран | | Во кутии од Комуна | Комуна (Договор) | |
| 5. Пластика | 15 01 02 | -Пакување лекови<br>-Магацин гот. произ.<br>-Магацин за р.м<br>-Контрола на квалит.<br>-Производст.на масти | 1.5 | | дадена на шема | ПАКОМАК (Договор)<br>Реупотреба<br>Буриња се продаваат на вработени | |
| 6. Стакло | 15 01 06 | -Производ. на ампули<br>-Контрола на квалит.<br>-Пакување лекови | 0.6 | | дадена на шема | ПАКОМАК (Договор) | |
| 7. Метал | 15 01 04 | -Производ. на масти<br>-Магацин за р.м<br>-Контрола на квалит.<br>-Пакување лекови<br>-Производст.на масти | 0.5 | | неупутребена амбалажа - дадена на шема | Буриња се продаваат на вработени<br>Реупотреба<br>Неупотребени затварачи на ПАКОМАК (Договор) | Амбалажа од производство се складира во контејнери на Комунална Хигиена |

---

[3] За секој отпад треба да се посочи основната активност/процес

[4] Методот на искористување или одлагање на отпадот треба да биде јасно опишан и посочен во Прилогот Е1.

[5] Треба да се вклучи и отпадот прифатен на местото на локацијата за наменето искториствување и одлагање на отпад

***ТАБЕЛА V.2.2 ОТПАД - Друг вид на користење/одложување на отпад***

| Отпаден материјал | Број од Европски каталог на отпад | Главен извор[6] | Количина | | Преработка/одложување во рамките на самата локација[78] | Преработка, реупотреба или рециклирање со превземач | Одложување надвор од локацијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Тони/ месечно | $м^3$ / месечно | (Метод, локација и превземач) | (Метод, локација и превземач) | (Метод, локација и превземач) |
| 8. Дрво | 15 01 03 | -Магацин гот. произ.<br>-Магацин за р.м | недефиниран | | дадена на шема | ПАКОМАК (Договор) се продава на вработени | |
| 9. Композитен материјал | 15 01 05 | -Пакување лекови<br>-Магацин за р.м | недефиниран | | -Од магацин суровини дадена на шема<br>-Од пакување во контејнер од Комуна | | Превземен од Комунална Хигиена како инертен отпд и одложен на Депонија Дрисла |
| 10. Комунален отпад | 20 03 01 | -Менза<br>-Админисрација | | 84 | | | Превземен од Комунална Хигиена како инертен отпд и одложен на Депонија Дрисла |

[6] За секој отпад треба да се посочи основната активност/процес
[7] Методот на искористување или одлагање на отпадот треба да биде јасно опишан и посочен во Прилогот Е1.
[8] Треба да се вклучи и отпадот прифатен на местото на локацијата за наменето исткористување и одлагање на отпад

# ЛОКАЦИИ НА КОИ СЕ СОЗДАВА ОТПАД

## Производство на цврсти форм

При производство на цврсти форми се создава само
- фармацевтски отпад

## Производство на медицински масти, течности и ампули

**♦ Производство на стерилни производи ( ампули, капки за очи)**

При производство на стерилни производи (ампули,капки за очи) се создава
- фармацевтски отпад и
- отпад од амбажа (стакло

**♦ Производство на медицински течности**

При производство на медицински течности се создава
- фармацевтски отпад

**♦ Производство и пакување на масти, гелови, креми и супозитории/вагитории (полуцврсти фармацевтски форми)**

При производство и пакување на масти, гелови, креми и супозитории/вагитории се создава
- фармацевтски отпад,
- отпад од амбажа (пластика, метал, хартија)

## Производство на фармацевтски суровини (водена екстракција)

При процесот на водена екстракција, воглавно се создава
- растителен отпад

## Пакување на лекови

При пакување на лекови се создава
- фармацевтски отпад и
- отпад од амбалажа (пластика, хартија и картон, метал, стакло, композитни материјали, гума, памук)

## Контрола на квалитет

При контролата на квалитетот на производите се создава
- фармацевтски отпад,
- отпад од хемикалии(органски растворувачи),
- микробиолошки отпад и
- отпад од амбалажа (пластика, хартија и картон, метал, стакло, композитни материјали, гума, памук)

## Институт за истражување и развој

При работата во институтот се создава
- фармацевтски отпад и
- отрад од хемикалии(органски растворувачи)

**Магацин за готов производ**
При магацинското работење во магацинот за готов производ се создава
- фармацевтски отпад,
- отпад од амбалажа (пластика, дрво)

**Магацин за репроматеријали**
При магацинското работење во магацинот за репроматеријали се создава
- фармацевтски отпад,
- отпад од хемикалии,
- отпад од амбалажа (пластика, хартија и картон и буриња од картон, метал и буриња од матал, стакло, дрво, композитни материјали).

**Сервис**
Во тек на работата се создава
- фармацевтски отпад (од филтрите поставени на системот за отпрашување) и
- отпадно масло од подмачкување на машините.

**Менза**
Во мензата се создава
- комунален отрад,
- отпадно масло (од термичка преработка на храна)
- отпад од прехрамбена амбалажа(стакло и пластика)

**Администартивна зграда**
Во административната зграда се создава
- комунален отпад,
- отпад од хартија

## ЛОКАЦИИ НА КОИ ПРИВРЕМЕНО СЕ СКЛАДИРА ОТПАД

**Фармацевскиот отпад** се собира и чува на местото каде што се создава до спалување на Феронија Дрисла.

**Контактното пакување од фармацевтските производи** се третира како фармацевтски отпад.

**Отпадот од хемикалии и органски растворувачи** се собира и чува на местото каде што се создава до негово предавање за употреба или уништување.

**Отпадот од микробиологија** се собира и чува во контрола. Еднаш неделно се стерилизира и потоа се депонира во контејнер за комунален отпад.

**Отпадот од масло за подмачкување** се собира и чува во одделот на севис до предавање на овластена фирма.

**Отпадот од метални и пластични буриња** веднаш се употребува или продава.
Истите се чисти бидејќи суровините предходно се безбедно спакувани во пластични вреќи.

**Отпадот од масло за јадење** се собира и чува во менза во канти на СУНИЛЕНС до негово предавање.

**Растителениот отпад** веднас се транспортира и расфрла по трева на локалитетот Ѓорче Петров.

**Отпадот од амбалажа** од пакување лекови, контрола и производство и магацин за готов производ –хартија, пластика, метал и дрво кој не бил во контакт со производот се складира во контејнери за одреден отпад-на шема.

**Отпадот од амбалажа** од магацин за суровини/репроматеријали се чува во магацин до предавање.

**Комуналниот отпад** се одлага во контејнери од Комунална хигиена и секојдневно се депонира на Депонија Дрисла.

КОМУНА - АД - бр. 03-429 12.11. 2010 год. СКОПЈЕ

КОМУНА КОМУНА КОМУНА АД -Скопје

| Подготвиле: Служба за набавка и секундарни суровини | ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА | Датум: 15.11. 2010 | Издание: 3 |
|---|---|---|---|

Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД бр. 03-6873/1 16.11. 2010 год. СКОПЈЕ

***Склучен помеѓу:***

1. АЛКАЛОИД АД Скопје, со седиште на бул.Александар Македонски бр.12, застапуван од Живко Мукаетов, Генерален директор,, од една страна, како Корисник на услуга и

2 ,,Комуна,, АД-Скопје, застапувана од Антовски Саздо, Директор на Сектор за набавка и секундарни суровини од друга страна, како Давател на услуга.

***Предмет***

**Член 1**

Странките постигнаа меѓусебна согласност на волја да соработуваат меѓусебно во текот на 2010/2011 год. Корисникот на услуга да ја собира отпадната хартија што ќе ја создаде, а Давателот на услуга да ја преземе истата.

Овој договор се однесува на сите три локалитети на Корисникот на услугата и тоа:

-Бул. Александар Македонски бр.12

-Ул. Новоселски пат бб

- Ул. 3 македонска бригада бб

***Цена***

**Член 2**

Договорените страни се согласни да не вршат меѓусебно финансиско задолжување за дејствието кои едни на други го вршат.

Со промена на состојбите на пазарот, условот од член 2 став 1 на овој Договор, може да се преиначи, ако за тоа двете страни се согласат.

**Меѓусебни права и обврски**

**Член 3**

***Корисникот на услугата е должен:***

1. Да врши прибирање на стара хартија за аДвателот на услугата:
   -Со квалитет:
   - Без присуство на страни материи како метал, алуминска фолија, пластика, дрво, кожа, уље, керамика, песок, месо, крзно, и сл. хемиски материјали (бои, лакови, смоли, битумен, желатин, растворувачи и др.)
   - Ниту една класа не смее да содржи примеси од ; целофан, индиго хартија, битуменизирана, пластфицирана хартија, хартија каширана со алуминиумска фолија, хартии загадени со опасни медицински и

ветеринарни материи, медицински и ветеринарни потреби, хартии премачкани со синтетички премази, фотографски хартии и др.

***Давателот на услугата е должен:***

1. Да постави контејнер, за собирање на хартиените отпадоци;
2. Да ја превземе хартијата по известување од Корисникот на услугата
3. Да ја врши својата работа стручно, совесно и квалитетно, според напаствијата на Корисникот на услугата, а согласно законските прописи и норми.

***Времетраење на договорот***

**Член 4**

Договорот се склучува за времетраење од 1(една) година сметано од денот на потпишувањето, со можност за негово продолжување.
Договорните страни се обврзуваат најдоцна 2 месеци пред истекот на рокот да ги дефинираат понатамошните заеднички интереси.

***Завршни одредби***

Член 5

Сите измени и дополнувања на овој Договор се вршат со Анекс кон истиот, во писмена форма, потпишан од двете договорни страни.

Член 6

Во случај на спор, договорните страни се согласни истиот да го решат спогодбено, во спротивно надлежен за решавање на спорот е Основен суд Скопје II-Скопје

**Член 7**

Овој Договор е сочинет во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја од договорените страни.

***Во Скопје 18.11 2010год.***

| | |
|---|---|
| ***КОРИСНИК НА УСЛУГА:*** | ***ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА:*** |
| **АЛКАЛОИД АД Скопје** | ***„КОМУНА„ АД-СКОПЈЕ*** |

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА
Ndërmarrja publike për deponimin e mbeturinave komunale Drisla
Број/Numër 03-233/1
Датум/Data 02.02.2011
Скопје-Shkup

03-1964/1
29.03.11

**ДОГОВОР**

**за согорување на медицински отпад**

Склучен на ден 01.01.2011 помеѓу:

1. ЈП **"Депонија Дрисла"** - Скопје
   Бул. Илинден 66
   застапувано од Директорот **Горан Ангелов**
   како **Давател на услугите**

2. **Алкалоид АД**-Скопје
   Бул. Александар Македонски бр. 12 - Скопје
   застапувано од Генералниот Директор: **Живко Мукаетов**
   како **Корисник на услугите**
   **Депонент:** Комерцијална Банка АД скопје
   **Ж-ска:** 300000000314704
   **Даночен број:** 4030946257762

**Член 1**

Предмет на овој Договор е прием и согорување на медицинскиот отпад во печката за медицински отпад, инсталирана на депонијата Дрисла, согласно Законот за управување со отпадот (Сл. Весник на Р.М. бр. 68/2004, бр. 107/2007, бр. 102/2008 и бр. 143/2008) и другите подзаконски акти.

**Член 2**

Корисникот на услугите со сопствено возило го носи медицинскиот отпад на депонијата Дрисла и го предава на Давателот на услугите за понатамошен третман.

**Член 3**

Корисникот на услугите се обврзува медицинскиот отпад да го пакува во соодветно амбалажи со налепница "медицински отпад", добро затворена и со максимална тежина од 15.

**Член 4**

Корисникот на услугите за секое предавање на медицинскиот отпад на Давателот на услугите ќе му доставува уредно пополнет идентификационен и транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпадот и другите подзаконски акти.

**Член 5**

Медицинскиот отпад во течна состојба не е предмет на овој договор.

**Член 6**

Цената за извршените услуги, Давателот ќе ја наплаќа по 45 ден. за 1 кг. медицински отпад без пресметан ДДВ.

**Член 7**

За извршените услуги Давателот на услугите ќе му фактурира на Корисникот на услугите за месечните количини депонирани медицински отпад согласно потврдите и/или вагарските листови.

Корисникот на услугите се обврзува доставените месечни фактури да ги плаќа до 8-ми во тековниот месец за претходниот.

**Член 8**

Доколку корисникот на услугите не ги почитува одредбите од овој договор и/или не плати 2 (две) последователни месечни фактури, Договорот ќе се смета за раскинат, а Давателот на услугите ќе достави писмено известување до Државниот инспекторат за животна средина, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и овластените инспектори на општините, односно Град Скопје.

**Член 9**

Се што не е договорено со одредбите на овој договор ќе важат општите одредби на Законот за облигационите односи.

**Член 10**

Овој договор е со важност од денот на неговото склучување и ќе трае заклучно со 11.12.2011 година.

**Член 11**

Договорот може да биде раскинат и пред истекот на наведениот период, доколку едната страна во писмена форма ја извести другата страна 30 (триесет) дена пред датумот кој го утврдила за престанок на Договорот.

**Член 12**

Доколку настане спор од одредбите на овој договор двете страни ќе го решаваат спогодбено. Ако не е тоа можно надлежен е Основниот суд Скопје 2 - Скопје

**Член 13**

Овој договор е изготвен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока потпишани заверени од двете договорни страни.

Договорни страни

**КОРИСНИК НА УСЛУГАТА**
Алкалоид АД Скопје
**Директор**
**/ Живко Мукаетов /**

**ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА**
ПЦ "Депонија Дрисла"-Скопје
**Директор**
**Горан Антевиќ**

ДРИСЛА
DRISLA

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ
Бр. 017/2011 0
12.05. 2011 год.
СКОПЈЕ

03-2911/0
12.05. 11

**ДОГОВОР**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Склучен во Скопје, на ден 12.05. 2011 година, помеѓу:

1. Друштвото за заштита на животната средина ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул. Перо Наков 6б, (во кругот на МЗТ) и ЕМБС 6371698, ЕДБ 4030008034550 и жиро сметка 300000002748240, депонент во Комерцијална Банка АД Скопје, застапувано од Директор Жељко Шмитран (во понатамошниот текст: Првата договорна страна), и

2. АЛКАЛОИД АД Скопје со седиште на Бул. Александар Македонски бр. 12, Скопје, ЕМБС 4053575, ЕДБ 4030946257762 и жиро сметка бр.300000000314704, депонент на Комерцијална банка АД - Скопје., застапуван од Генерален директор Живко Мукаетов (во понатамошен текст Втора договорна страна).

**КАДЕ ШТО,**
Првата договорна страна е друштво регистрирано за дејноста заштита на животната средина во согласност со законската регулатива на Република Македонија и има соодветно знаење, искуство и know-how да ги обезбеди услугите во областа на индустриско чистење и управување со опасен и неопасен отпад;

**КАДЕ ШТО,**
Втората договорна страна е друштво регистрирано за производство на фармацевтски, хемиски и козметички производи и има потреба од услуги во сферата на животната средина, па Првата договорна страна е заинтересирана да му ги обезбеди таквите услуги во согласност со условите во овој договор;

**КАДЕ ШТО,**
Страните на договорот го склучуваат овој договор за меѓусебна соработка со цел да ги утврдат меѓусебните права и обврски;

Со оглед на горе наведеното, договорните страни на денот на потпишување на овој договор, се договорија за следното:

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со пружање на услуги од сферата на заштита на животната средина, и тоа преземање, транспорт и згрижување на секакoв вид опасен отпад (хемикалии, масла, органски растворувачи и друго), на сите локалитети на Втората договорна страна.
Во интерес на воспоставување на подолгорочна деловна соработка, освен услугите од став.1 на овој член, Првата договорна страна ќе ги извршува и следниве услуги:

- Механички и хемиски чистења на постројки и опрема;
- Чистење, Т.В. инспекција, санирање и испитување на непропустливост на канализациски системи;
- Санација на гравитациони и потисни цевоводи без ископување;
- Санирање на загадени локации;
- Чистење на сите видови резервоари и изменувачи на топлина;
- Чистење на сепаратори за уље и канали;
- Итни интервенции кај еко акциденти;
- Консултантски услуги за заштита на животната средина;
- Други услуги кои ги дава првата доворна страна.

Втората доворна страна се обврзува дека за услугите од предходниот став на овој член, ќе ја ангажира исклучиво Првата договорна страна, за времетраење на овој договор.

**ОБЕМ НА УСЛУГИТЕ**

Член 2

Обемот на услугите, местото каде треба да се вршат услугите, како и други права и обврски меѓу договорните страни ќе се регулираат со поединечните писмени нарачки, односно понуди за секоја работа

**КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ**

Член 3

Првата договорна страна и гарантира на Втората договорна страна дека услугите предмет на овој договор ќе ги извршува на квалитетен и професионален начин со почитување на сите стандарди од оваа област и со почитување на сите законски прописи кои се однесуваат на оваа услуга во Република Македонија.

**ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 4

Втората договорна страна се обврзува дека плаќањето ќе го врши во рок од 15 дена од денот на завршување на услугата, односно преземањето на поедини видови отпад и приемот на фактурата. Плаќањето ќе го врши на жиро-сметка на ЕКО-TEAM д.о.о. Скопје бр. 300-0000027482-40 во Комерцијална Банка скопје.

Договорните страни се согласни цените на услугите од чл.1 на овој Договор, да ги утврдуваат со потпишување на Анекс кон Договорот, во кој што цена на услугите ќе се утврдува за секоја поединечна услуга во зависност од извршена услуга, односно од нејзиниот вид и обем.

**ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ (ДЕЛОВНА ТАЈНА)**

Член 5

Сите информации кои двете страни договорни страни ќе ги добијат и осознаат во текот на извршувањето на услугите претставуваат деловна тајна и не смеат да се пренесуваат на трети лица без писмено одобрение и согласност на заинтересираната страна. Деловната тајна ги вклучува, без ограничување, информациите во материјален и нематеријален облик, вклучувајќи ги и информациите дибиени усно или на било кој медиум на кој можат да се складираат информации.

Член 6

Првата договорна страна во својата работа во потполност ќе се придржува на важечките закони и етичките норми кои се однесуваат на заштита на приватноста.

Член 7

Втората договорна страна се обврзува да ги чува како доверливи, сите информациуи кои се поврзани со подготовките и извршувањето на услугите како и да ги обврзе сите вработени таквите информации кои евентуално ќе ги дознаат да ги чуваат како доверливи.

**ТРАЕЊЕ И ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 8

Договорот се склучува на време траење од 12 месеци и важи од денот на неговото потпишување со можност истиот да се продолжи, по предходна согласност на двете заинтересирани страни со потпишување на Анекс кон основниот договор.
Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата страна рок од 30 (триесет) дена пред бараниот датум на раскинување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 9

Сите евентуални промени на содржината на овој договор, ќе се решаваат исклучиво со писмени анекси на основниот договор, потпишани од двете страни.

Член 10

Договорните страни се согласни дека евентуални спорови за времетраењето на договорот, ќе се решаваат спогодбено со почитување на работните интереси и на двете страни.
Во случај да не биде постигнато такво решение, спорот ќе се решава пред Основен Суд Скопје 2 - Скопје.

Член 10

За сè што не е предвидено со овој договор важат одредбите на ЗОО и прописите што се однесуваат на работите предвидени со договорот.

Член 11

Договорот е составен од четири (4) идентични примерока, по два (2) за секоја страна.

ЗА ПРВАТА ДОГОВОРНА СТРАНА

Жељко Шмитран

ЗА ВТОРАТА ДОГОВОРНА СТРАНА

Живко Мукаетов

Согласно чл.20 и 21 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување ( Сл.Весник на РМ бр.161/09) на ден ________ склучен е

ПАКОМАК ДОО
бр. 28.12/2010
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**
**ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

АЛКАЛОИД АД
бр. 03-7252/
28.12.2010

Помеѓу:

1. **ПАКОМАК ДОО Скопје,** со седиште на бул. Партизански одреди, Порта Влае блок 4
ж-ска: 250 001002708705
ДБ: МК 4057010510526
Депонент: ИНВЕСТ БАНКА
Застапувано од Управителот Ивановски Филип, во понатамошниот текст како **ПАКОМАК ДОО Скопје.**

2. **АЛКАЛОИД АД Скопје,** со седиште на Бул. Александар Македонски бр.12, 1000 Скопје
ж-ска: 300000000914704
ДБ: 4030946257762
Депонент: Комерцијална Банка АД Скопје
Застапувано од Генералниот Директор Живко Мукаетов, во понатамошниот текст **ПРОИЗВОДИТЕЛОТ**

ПАКОМАК ДОО Скопје, согласно *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* е регистрирано со Решение бр. 30120100043222 на Централен регистар на РМ , како правно лице за постапување со отпад од пакување.

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно чл.5 ст.13 т. 2 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* е правно или физичко лице кое пакува стоки или полни стоки во пакувања, како и произведува, увезува и /или пушта на пазар стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и ПРОИЗВОДИТЕЛОТ кој како краен корисник увезува спакувана стока.

Сите дефиниции употребени во овој Договор се во согласност со *Законот за управување со пакување и отпад од пакување.*

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Согласно *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*, предмет на овој договор е соработка и збир на активности со кои ПАКОМАК ДОО Скопје, согласно чл. 21 ги превзема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно чл. 17 од истиот закон, а со цел остварување на националните цели утврдени во чл. 35 од истиот закон, соодветно на лиценцираните количини од ПАКОМАК ДОО, Скопје.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПАКОМАК

**Член 2**

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно Законот и овој Договор ги превзема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ утврдени во чл. 17 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

**Член 3**

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно чл. 22 ст.5 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* има право, сите обврски отстапени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ а утврдени во чл. 2 од овој Договор, да ги довери на правни и физички лица кои поседуват соодветни дозволи за постапување со отпад согласно со *Законот за управување со отпад Сл. Весник бр. 68/04*.

**Член 4**

Заради спроведување на обврските утврдени во чл. 17 во *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* ПАКОМАК ДОО Скопје, има право да наплака надомест по тип и количина на отпад кој во вид на Ценовник претставува Прилог 1 на овој Договор.

ПАКОМАК ДОО Скопје има право надоместокот да го наплаќа од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, од денот на стапување на сила на овој Договор.

**Член 5**

ПАКОМАК ДОО Скопје, Ценовникот Прилог 1 кои овој Договор, ќе го формира еднаш годишно.

ПАКОМАК ДОО Скопје е должен да го објави Ценовникот за наредната година најдоцна до 1- ви Декември во тековната година.
Ценовникот ќе важи за период од 01 Јануари до 31 декември за наредната година.

ПАКОМАК ДОО Скопје го задржува правото, доколку околностите го налагаат тоа, да го менува Ценовникот и во текот на годината.
За секоја промена на Ценовникот во текот на годината, ПАКОМАК ДОО Скопје, е должен да го извести ПРОИЗВОДИТЕЛОТ најмалку 30 дена пред започнувањето на важноста на новите цени.

Единствено ценовникот за 2011 година, ПАКОМАК ДОО Скопје ќе го објави во текот на месец Декември 2010

**Член 6**

ПАКОМАК ДОО Скопје е должен да достави фактура до ПРОИЗВОДИТЕЛОТ најдоцна 10 календарски дена по добивање на Извештајот за видот и количините на отпад пуштени на пазарот на РМ од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Износот на фактурата ќе биде пресметан како сума од соодветните количини на отпад од Извештајот, помножени со нивните соодветни единечни надоместоци (по килограм) од актуелниот Ценовник за соодветниот месец за кој што се однесува Извештајот.

За секое задоцнување при плаќање на фактурата ПАКОМАК ДОО Скопје ќе пресметува камата согласно Законот.

**Член 7**

Согласно овој Договор и чл.21 ст. 9 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*, ПАКОМАК ДОО Скопје е должен на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, на истиот да му издаде потврда за ослободување од плаќањето на надоместокот утврден во чл. 40 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*.

**Член 8**

ПАКОМАК ДОО Скопје, сите податоци за видот и количината на отпадот пуштен на пазарот на РМ од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ќе ги добива во вид на Извештај.

ПАКОМАК ДОО Скопје, е должен да изготви образец за Извештатајот од ст.1 на овој член , кој образец е Прилог 2 на овој Договор.
Извештаите кои нема да бидат доставени од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ на Образецот Прилог 2 кон овој Договор, ПАКОМАК ДОО Скопје има право да не ги прифати и ќе се смета дека воопшто не биле поднесени.

**Член 9**

Пред надлежните органи, ПАКОМАК ДОО Скопје превзема обврска за постапување само за пријавените и платени количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ , а наведени во Извештајот.

**Член 10**

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно овој договор и *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*, чл.28 ст.6, е должен пријавените и платените количини на отпад од пакување во Извештаите доставени од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ да ги обработува и ги праќа во форма на годишен извештај до надлежните државни органи согласно чл. 28 ст.2 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*.

**Член 11**

Согласно овој договор ПАКОМАК ДОО Скопје, има право заради утврдување на вистинитоста на податоците кои што се предмет на Извештаите доставени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, да побара ревизија од независно стручно правно или физичко лице.

**Член 12**

Доколку со ревизијата се утврди дека податоците кои се предмет на Извештаите Прилог 2 на овој договор се вистинити и не постојат отстапување од реалната и прикажаната состојба по однос на видот и количината на отпадот, тогаш трошоците за ревизијата ќе бидат на товар на ПАКОМАК ДОО Скопје.

**Член 13**

ПАКОМАК ДОО Скопје ќе му овозможи на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ право на користење на Green Dot license без надоместок, а начинот и условите на користење ќе бидат уредени со посебен договор.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ

**Член 14**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно овој Договор и *Законот за пакување и отпад од пакување* , му ги отстапува на ПАКОМАК ДОО Скопје обврските утврдени во чл. 17 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување.*

**Член 15**

Со овој договор ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да води месечна евиденција во писмена и електронска форма во вид на извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ и за истото навремено и вистинито да го информира ПАКОМАК ДОО Скопје.
ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува извештаите да ги доставува на образецот за Извештај изготвен од ПАКОМАК ДОО Скопје, Прилог 2 на овој Договор.

**Член 16**

Месечните извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ за изминатиот месец, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува во писмена форма , заверени со печат и потпис од овластено лице, да ги доставви до ПАКОМАК ДОО Скопје, најдоцна до 15-ти во тековниот месецот.
За вистинитоста на истите одговара ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 17**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува заради спроведување на обврските утврдени во чл. 17 во *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* на ПАКОМАК ДОО Скопје, да му плаќа надомест во согласност со Ценовник кој претставува Прилог 1 на овој Договор.

Обврската на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за плаќање на надоместокот започнува од денот на стапување на сила на овој Договор.

**Член 18**

Согласно овој Договор, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува уплатата на надоместокот да ја врши на ж-сметка на ПАКОМАК ДОО Скопје по претходно доставена фактура и тоа најдоцна 10 (десет) календарски денови од датумот на приемот на истата.

**Член 19**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини од Извештајот со денот на стапување на сила на овој Договор, а во согласност со чл. 41 ст.1т.1 од *Законот за пакување и отпад од пакување* ќе биде ослободен од плаќање на надоместокот утврден во чл. 40 од истиот закон.

**Член 20**

Доколку ПАКОМАК ДОО согласно чл.11 од овој Договор побара ревизија заради утврдување на вистинитоста на податоците предмет на извештаите, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да овозможи увид во целокупната документација и пристап до сите информации потребни за непречено спроведување на ревизијата.

**Член 21**

Доколку со ревизијата се утврди дека податоците кои се предмет на Извештаите Прилог 2 на овој Договор, отстапуваат од реалната состојба по однос на видот и количината на отпадот, тогаш трошоците за ревизијата ќе бидат на товар на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 22**

Во случај со ревизијата да се утврди дека ПРОИЗВОДИТЕЛОТ во Извештајот прикажал помали количини на отпад од реалните, тогаш ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ќе плати двојна цена од утврдената согласно актуелниот Ценовник, за разликата во количината.

Истото се однесува и за отстапувањата по однос на видот на отпадот од пакување прикажан во извештајот од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Сите санкции изречени од надлежните органи спрема ПАКОМАК ДОО Скопје, а по основ на отстапувањата утврдени во овој член ќе бидат на товар на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 23**

Во случај со ревизијата да се утврди дека ПРОИЗВОДИТЕЛОТ во извештајот прикажал поголеми количини на отпад од реалните, тогаш ПРОИЗВОДИТЕЛОТ има право согласно Ценовникот кој важел за периодот за кој се однесуваат податоците да бара поврат на средствата за разликата во количината.

Истото се однесува и за отстапувањата по однос на видот на отпадот од пакување прикажан во Извештајот од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 24**

Доколку надлежни државни органи утврдат дека ПАКОМАК ДОО Скопје, во име и за сметка на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ доставил годишен извештај за

постапување со отпад од пакување кој содржи невистинити податоци со цел да се смета дека се исполнети националните цели утврдени со Законот за да се избегне плаќањето на надоместокот, а како резултат на давање на нецелосни или неточни податоци од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, во тој случај ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да ги плати законски предвидените казни изречени спрема ПАКОМАК ДОО Скопје и кон неговиот Управител.

## IV. ДОВЕРЛИВОСТ

**Член 25**

Согласно овој Договор, двете договорни страни се обврзуваат дека сите информациите кои ги обезбедиле врз основа на овој Договор, извештаите, ревизијата и ги обележале како доверливи нема да ги пренесуваат на било кое трето лице и ќе ги чуваат како деловна тајна и по раскинувањето на овој Договор.

Овие доверливи информации двете договорни страни можат да ги користат само во случај на спор пред надлежни државни органи.

## V. ВАЖНОСТ И ВРЕМЕТРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 26**

Овој Договор се склучува на неопределено време .

Истиот стапува на сила од моментот кога ПАКОМАК ДОО Скопје, ќе обезбеди Дозвола за постапување со отпад од пакување од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## VI. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 27**

Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат Договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна 6 (шест) месеци пред бараниот датум на раскинување.

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од секоја од двете договорни страни во секое време без дополнителен отказен рок во еден од следните случаи:

- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 3 месеци последователно не го плаќа надоместокот утврден во чл. 17 од овој Договор;
- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 3 месеци последователно не доставува до ПАКОМАК ДОО Скопје месечни Извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ согласно чл.16 од овој Договор;

- Една од договорните страни прекрши една или повеќе од своите обврски утврдени со овој Договор, а прекршокот не е поправен во рок од 8 (осум) работни дена по известувањето добиено во писмена форма од совесната договорна страна.
- Другата договорна страна стане платежно неспособна (во случај на стечај или ликвидација)

**Член 28**

Во случај на раскинување на овој Договор без оглед како е предизвикано, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да ги подмири сите финансиски обврски спрема ПАКОМАК ДОО Скопје, настанати за времетраењето на овој Договор.

## VII. ОДВОИВОСТ

**Член 29**

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспроведлив од страна на надлежен суд, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот кој е најблизок до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема на никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

## VIII. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 30**

Промени и дополнување на овој Договор може да се направат само во писмена форма со взаемна согласност на договорните страни.

**Член 31**

Сите идни измени и дополнувања на Законот кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни на овој Договор ќе бидат автоматски имплементирани во овој Договор, за што се согласни и двете договорни страни.

## IX. ВАЖЕЧКО ПРАВО И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОР

**Член 32**

Секоја ситуација која не е покриена со овој Договор ќе биде разрешена согласно позитивните законски прописи важечки во Република Македонија.

**Член 33**

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.

8/8

Доколку тоа биде невозможно двете договорни страни имаат право да го префрлат спорот на решавање во Основен суд Скопје 2, Скопје.

**Член 34**

Договорот е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по еден (1) за договорните страни а другите 2 (два) за службени потреби.

**Член 35**

Прилозите 1 и 2 се неделив дел од овој Договор.

***ДОГОВОРНИ СТРАНИ:***

ПАКОМАК ДОО Скопје

ПАКОМАК ДОО

ПРОИЗВОДИТЕЛ

ПАКОМАК ДОО
Бр. 173 - 12/11
12.05. 20 11 год.
СКОПЈЕ

1/4

03 - 2933/
12.05 11

**ДОГОВОР**
**ЗА ОТКУП НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

Склучен на ден _____2011 год., помеѓу:

1. **Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје**, со седиште на бул. Партизански одреди, Порта Влае блок 4
ж-ска: 250 001 002 708705
ДБ: 4057010510526
Депонент: ШПАРКАССЕ Банка
Застапувано од Управителот Ивановски Филип, во понатамошниот текст како **,, ПАКОМАК,, ДОО Скопје**

2. **Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД - Скопје**
со седиште на бул.Александар Македонски бр.12 - Скопје
ж-ска: 300000000314704
ДБ: 4030946257762
Депонент: Комерцијална банка АД - Скопје
Застапувано од Генералниот директор Живко Мукаетов, во понатамошниот текст како **ПРОДАВАЧ**

**I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓусебна деловна соработка на двете договорни страни во врска со продажбата и откупот на отпадот од пакување од страна на ПАКОМАК ДОО Скопје, а кој произлегува со тековното работење на ПРОДАВАЧОТ.

Согласно овој Договор под отпад од пакување се подразбира следниот отпад:

- Картонска амбалажа;
- Пластична амбалажа (канти, буриња, пластични гајби, термофолија, стреч фолија и сл.);
- Стаклена амбалажа ( скршени шишиња, тегли и сл.)
- Метална амбалажа (лимонки и сл.)
- Скршени палети и гајби од дрво, дрвена амбалажа и сл.

**II.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПАКОМАК ДОО Скопје**

**Член 2**

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно овој Договор се обврзува да го откупува отпадот од пакување од ПРОДАВАЧОТ, утврден во чл. 1 ст. 2 од овој Договор.

**Член 3**

При откупот на отпадот од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје е должен на ПРОДАВАЧОТ да му плати цена по килограм откупен отпад од пакување согласно типот.

**Член 4**

ПАКОМАК ДОО Скопје е во обврска, фактурите испоставени од страна на Продавачот да ги плаќа согласно условите утврдени со овој договор.
Цените по видот и количината на отпадот од пакување, предмет на овој Договоро се утврдени во Ценовникот, кој претставува Прилог 1 на овој Договор.

**Член 5**

ПАКОМАК ДОО Скопје го задржува правото Ценовникот од чл.4 на овој Договор да го евалуира два пати годишно.
За секоја промена на Ценовникот во текот на годината, ПАКОМАК ДОО Скопје, е должен да го извести ПРОДАВАЧОТ, најмалку 15 (петнаесет) дена пред започнувањето на важноста на новите цени.
Доколку ПРОДАВАЧОТ во текот на годината бара промена на Ценовникот истиот е должен да го извести ПАКОМАК ДОО најмалку 15 (петнаесет) дена пред започнувањето на важноста на новите цени.

**Член 6**

ПАКОМАК ДОО Скопје е должен да ја плати фактурата по секое подигање на отпадот, доставена од ПРОДАВАЧОТ најдоцна 30 (триесет) календарски дена по приемот на истата.
Уплатата на фактурата ПАКОМАК ДОО Скопје ќе ја врши на жиро сметката на ПРОДАВАЧОТ.

**III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРОДАВАЧОТ**

**Член 7**

ПРОДАВАЧОТ, согласно овој Договор се обврзува отпадот од пакување утврден во чл. 1 ст. 2 од овој Договор да го селектира и му го продава на ПАКОМАК ДОО Скопје.

**Член 8**

ПРОДАВАЧОТ се обрзува да го пополни соодветно и во соодветен број примероци Транспортниот формулар за отпад од пакување (Прилог 2 на овој Договор) , како и да го потпише и печатира на соодветното место.

Соодветниот број на примероци од правилно пополнетиот Транспортен формулар за отпад од пакување и Испратница за отпадот, му се проследуваат на ПАКОМАК ДОО, како овластена компанија за собирање и транспорт.

**Член 9**

Врз основа на Транспортниот формулар за отпад од пакување и Испратницата, ПРОДАВАЧОТ ќе му достави на ПАКОМАК ДОО Скопје фактура за продадениот отпад од пакување.

Фактурираниот износ за продадениот отпад од пакување ПРОДАВАЧОТ ќе го формира согласно цената за видот на отпадот утврдена во Ценовникот на ПАКОМАК ДОО и количината на отпадот.
Согласно овој Договор, ПРОДАВАЧОТ се обврзува во целост да се придржува на цените за откуп на отпад од пакување утврдени во Ценовникот.
За секое задоцнување при плаќање на фактурата ПРОДАВАЧОТ ќе пресметува камата согласно Законот.

**II. ВАЖНОСТ И ВРЕМЕТРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 10**

Овој Договор се склучува на период од 1(една) година .
Истиот стапува на сила од моментот на склучувањето.

**V. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 11**

Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат Договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна 3 (три) месеци пред бараниот датум на раскинување.

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од секоја од двете договорни страни во секое време без дополнителен отказен рок во еден од следните случаи:

- ПАКОМАК ДОО Скопје 3 (три) месеци последователно не го плаќа долгот по фактура доставен од ПРОДАВАЧОТ;
- Една од договорните страни прекрши една или повеќе од своите обврски утврдени со овој Договор, а прекршокот не е поправен во рок од 8 (осум) работни дена по известувањето добиено во писмена форма од совесната договорна страна.
- Една од договорните страни бара промена на Ценовникот, а за другата страна промената е неприфатлива;
- Другата договорна страна стане платежно неспособна (во случај на стечај или ликвидација).

**VI. ОДВОИВОСТ**

**Член 12**

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспроведлив од страна на надлежен суд, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот кој е најблизок до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема на никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

**VII. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 13**

Измени и дополнување на овој Договор може да се направат само во писмена форма со взаемна согласност на договорните страни, со склучување на Анекс кон договорот.

**Член 14**

Сите идни измени и дополнувања на Законот за отпад од пакување и Законот за управување со отпад нивните подзаконски акти кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни по овој Договор, автоматски ќе бидат имплементирани со нивна директна примена, за што се согласни и двете договорни страни.
Одредбите од Договорот кои не се во согласност со законските измени, во смисла на ст.1 на овој член, се ставаат вон сила.

**VIII. ВАЖЕЧКО ПРАВО И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОР**

**Член 15**

Секоја ситуација која не е покриена со овој Договор ќе биде разрешена согласно позитивните законски прописи важечки во Република Македонија.

**Член 16**

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.
Доколку тоа биде невозможно двете договорни страни имаат право да го префрлат спорот на решавање во Основен суд Скопје 2 - Скопје.

**Член 17**

Договорот е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) примерока за двете договорни страни.

| ПРОДАВАЧ | ПАКОМАК ДОО Скопје |
| --- | --- |
| Жанко Мукетов | Филип Иванови |

**Друштво за управување со пакување и отпад од пакување**

**ПАКОМАК ДОО Скопје**

бул. Партизански Одреди, Порта Влае блок 4, Скопје, Р.Македонија
Ж-сметка: 250-001002708705 Депонент: Шпаркассе банка АД Скопје, ДДВ: МК4057010510526

## ПРИЛОГ 1

Цени за откуп на отпад од пакување на ПАКОМАК ДОО Скопје:

| | Цени 2011 | во денари/кгр. |
|---|---|---|
| | *Тип на отпад* | |
| 1 | Хартија/Картон | **2,50** |
| 2 | Пластика (ПЕТ, ПП, ПВЦ) | **8,00** |

1 ЕУР = 61,6 денари.

* Надоместоците се без вкалкулиран ДДВ од 18%.

** Во случај на девалвација, ПАКОМАК ДОО го задржува правото на соодветна корекција на курсот на еврото.

За ПАКОМАК ДОО:

Филип Ивановски

За ПРОДАВАЧОТ:

Живко Мукаетов

**ПАКОМАК**

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје
Број на жиро сметка: [illegible]
Даночен број: [illegible]

## ТРАНСПОРТЕН ФОРМУЛАР ЗА ОТПАД

**1.Вид на отпад** (име): ______________________

**2.Шифра на отпад** ☐☐☐☐☐☐ | **3. Количина на отпад** ________ (t, $m^3$)

**4. Поседувач:** ______________________
Адреса: ______________________
Вкупно предаден отпад на собирач/транспортер: ______________ (t, $m^3$)
Во __________ Одговорно лице:
Дата на предавање:________ МП ______________

**5. Собирач/транспортер:**______________________
Адреса: ______________________
Број на дозвола: ______________
Вкупно примен отпад: ______________ (t, $m^3$)
Во __________ Потпис:
Дата на предавање: __________ ______________

**6. Краен поседувач на отпадот:** ______________________
Адреса: ______________________
Вкупно примен отпад: ______________ (t, $m^3$)
Во __________ Одговорно лице:
Дата на предавање: __________ МП ______________

**7. Почетна и крајна дестинација на отпадот:**

Забелешка:
*Поставено со отпадот од пакување по налог на **ПАКОМАК ДОО Скопје***

Бул. Партизански одреди, Порта Влае блок 4, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел/Факс: +389 2 20 44 567; email: info@pakomak.com.mk; www.pakomak.com

Трговско друштво за промет и услуги СУНИЛЕНС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 876
29.07. 2010 год.
СКОПЈЕ

Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД
Бр. 03-4752/1
30.07. 10
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**за собирање на употребено отпадно масло и масти за јадење**
**(собирање, транспорт и згрижување)**

Склучен во Скопје на ден 29.07. 2010 год. помеѓу:

1. **ТД СУНИЛЕНС ДООЕЛ - Скопје**, ул. "Качаnски" пат бб, Индустриска зона - Визбегово, МБ 5703344, ЕДБ 4030002461561, застапувано од Управителот Александар Ѓокиќ, овластен собирач на отпад (во понатамошниот текст: *СУНИЛЕНС*)
2. **АЛКАЛОИД АД - Скопје**, Бул. "Александар Македонски" бр.12, ЕМБ 4053575, ЕДБ 4030946257762, претставувано од Ќире Ицев, Член на УО, (во понатамошниот текст: *АЛКАЛОИД*)

*Овој Договор се склучува согласно одредбите на Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ бр.68/04, 107/07, 102/08 и 143/08) и Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07 и 159/08).*

*СУНИЛЕНС има овластување за организирано собирање, складирање и третман на отпад стекнато врз основа на Дозвола за складирање и третман на отпадот под бр. 11-5346/1 и Дозвола за трговија со неопасен отпад под бр.11-5618/1, издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање.*

*АЛКАЛОИД, во рамки на своите угостителски дејности, употребува масло и масти за јадење што после нивната употреба добиват својство на отпад и загадувач на животната средина.*

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебните односи помеѓу СУНИЛЕНС и АЛКАЛОИД во врска собирањето, транспортот и згрижување на употребените масла и масти за јадење што како отпад СУНИЛЕНС ќе ги собира од објектите на АЛКАЛОИД, и тоа од Ресторанот за исхрана (менза) на локалитетот во Автокоманда во Скопје и Одморалиштето на АЛКАЛОИД во Стар Дојран.

Отпадните масла и масти од ст.1 на овој член се утврдени со Листа на видови на отпад, под шифра 20 01 25.

Дозволата за складирање и третман на отпадот под бр. 11-5346/1 и Дозволата за трговија со неопасен отпад под бр.11-5618/1, издадени на име ТД СУНИЛЕНС ДООЕЛ - Скопје од Министерството за животна средина и просторно планирање, се составен дел на Договорот.

**Член 2**

Организираниот начин на собирање и згрижување на употребените масла и масти за јадење двете договорни страни го прават со цел за намалување на количеството на создадениот отпад и спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина.

***Член 3***

АЛКАЛОИД се обврзува целата количина на употребеното масло и маст за јадење (во понатамошниот текст: *отпадно масло*) редовно да го предаде на СУНИЛЕНС, кој ќе го транспортира на негова локација и со отпадното масло ќе постапи согласно дозволите што ги поседува.

***Член 4***

СУНИЛЕНС во постапката на прибирање на отпадното масло е во обврска на АЛКАЛОИД да му даде соодветни садови, обележани согласно законските прописи, со име и шифра на отпадот.

Садовите се опремени со соодветна цедалка низ која ќе се полни отпадното масло.

АЛКАЛОИД мора отпадното масло да го полни исклучиво во садовите кои ќе му бидат доставени за таа намена.

***Член 5***

СУНИЛЕНС, од објектите на АЛКАЛОИД, е во обврски редовно да ги презема полните садови и истовремено на АЛКАЛОИД да му достави празни садови.

СУНИЛЕНС не смее да дозволи АЛКАЛОИД да има недостаток на празни садови.

Во постапката на примопредавањето на садовите со отпадното масло двете договорни страни пополнуват и потпишуват документ - транспотрен формурал, во кој е содржана евиденцијата на вкупно предаденото/применото отпадно масло, што ќе претставуви потврда за извршените дејствија.

***Член 6***

Цената на предаденото/преземеното употребено масло за јадење изнесува 5 ден/кг со ДДВ, со можност за менување со Анекс кон Договорот.

Начинот на плаќање на отпадното масло ќе се врши врз основа на месечна фактура на АЛКАЛОИД за предходниот месец, доколку тој месец е извршено предавање/примење на отпадно масло, со рок на плаќање од 30 (триесет) дена.

***Член 7***

Договорот се склучува за неопределено време, односно додека трае важноста на дозволите за работа со отпад од чл.1 на овој Договор.

Доколку СУНИЛЕНС не ги обнови дозволите за работа со отпад, како ден на раскинување на Договорот ќе се смета последниот ден на важноста на дозволата која прва ќе истече.

***Член 8***

Секоја договорна страна има право Договорот да го раскине во било кое време по предходно писмено известување до другата страна за намерата за раскинување, со отказен рок од 1 (еден) месец.

При раскинување на Договорот, по било кој основ, СУНИЛЕНС има обврска на АЛКАЛОИД да му ги плати сите фактури за предходно подигнатата количина на отпадно масло, а АЛКАЛОИД има обврска на СУНИЛЕНС уредно да му ги врати садовите за отпадните масло.

*Член 9*

Измена и дополнување на Договорот ќе се врши со склучување на Анекс кон Договорот.

*Член 10*

Сите недоразбирања договорните страни ќе настојуват да ги решат спогодбено, во спротивно надлежен суд е Основен Суд Скопје 2 -Скопје.

*Член 11*

Овој Договор е изготвен во 4 (четири) еднообразни примерока од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

**ТД СУНИЛЕНС ДООЕЛ - Скопје**

*Александар Ѓоциќ*

**АЛКАЛОИД АД - Скопје**

*[illegible] Ицев*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-5618/3
06.07. 2009 год.
СКОПЈЕ

ДОЗВОЛА ЗА ТРГОВИЈА СО НЕОПАСЕН ОТПАД

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# ДОЗВОЛА

за вршење на дејност трговија со неопасен отпад

бр. 11-5618/1

Оваа дозвола се издава на:

**ТДПУ "СУНИЛЕНС" ДООЕЛ увоз-извоз**
**Скопје**

Кој може да врши дејност трговија со неопасен отпад на локацијата/те впишана во дозволата.

Датум на издавање: 03.07.2009 година
Рок на важност: 03.07.2014 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-5346/3
02. 07 2009 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за вршење на дејноста преработка, третман и складирање на отпад поднесено од страна **ТДПУ "СУНИЛЕНС" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** на 30.06.2009 година број 11-5346/1 издаде

# Д О З В О Л А

## ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ
## СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАД

- Носител на дозволата **ТДПУ "СУНИЛЕНС" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**
- Седиште **ул. Качанички Пат 6б општина Визбегово**
- Назив и адреса на подружницата/локацијата/општината

  **ул. Качанички Пат 6б општина Визбегово**
- Матичен број **5703344**
- Даночен број **4030002461516**
- Датум на издавање на дозволата **30.06.2009**
- Важење на дозволата до **30.06.2014**

М.П МИНИСТЕР